Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 420/7
29. 11. 2024 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 22, точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02), член 5 од Законот за пожарникарството („Сл. весник на РМ“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19) член 2 од Законот за управување со кризи („Сл. весник на РМ“ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), член 4, став 2 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15,71/16,106/16 и 83/18), Советот на Општина Градско на седницата одржана на 29.11.2024 година донесе

# П Р О Г Р А М А
## за активностите на Општина Градско во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2025 година

**I. Цели**

Основните цели на оваа Програма ќе бидат насочени кон создавање на услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасувањето, како и заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди, кризни состојби и други несреќи во мир.

Основни цели на оваа програма се:

- заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др;
- заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;
- обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;
- обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарната заштита

**II. Активности**

Активностите ќе се остваруваат преку:

- Штабот за заштита и спасување,
- Просторните сили за заштита и спасување,
- Комисијата за процена на штета од елементарни и други непогоди на територијата на Општина Градско,
- Територијалната противпожарна единица - Велес, која согласно Законот за пожарникарството, го покрива и подрачјето на Општина Градско.

Со цел за навремено, ефикасно и организирано спроведување на активностите од областа на заштитата и спасувањето, Општина Градско и во 2025 година ќе продолжи со континуирана соработка со надлежните државни органи од областа на заштитата и спасувањето и тоа:

- Дирекцијата за заштита и спасување;
- Центарот за управување со кризи;
- Министерството за одбрана и
- други надлежни органи и тела.

**III. Финансирање**

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, справувањето со кризни состојби и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица, утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:

- Средства од Буџетот на Градско;
- Наплатени премии за осигурување на моторни возила и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;
- Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштитата од пожари;

**Табела**

| Ред. Бр. | Активности | Предвидени средства |
|---|---|---|
| | | |
| 1. | **Набавка на заштитна опрема (бр. 10)** | |
| | 1. **Чевли високи** | **14.000** |
| | 2. **Панталони** | **8.000** |
| | 3. **Палто** | **8.500** |
| | **Вкупно:** | **30.500** |
| | | |
| 2. | **Друга опрема** | |
| | 1. **Напртњача (бр.2)** | **21.440** |
| | 2. **Метална метла (бр.10)** | **25.500** |
| | **Вкупно:** | **46.940** |
| | | |
| 3. | **Обука и едукација на штабот** | **10.000** |
| | | |

| | |
|---|---|
| **Вкупно** | **87.440** |

**V. Завршни одредби**

За спроведувањето на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Градско.

Во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и другите надлежни органи и тела, ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско", и ќе биде дадена на јавна расправа.

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева

Образложение

Програмата за активностите на Општина Градско во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2025 година ги опфаќа целите, активностите и надлежностите на Општина Градско во сферата на заштитата и спасувањето, управувањето со кризи и противпожарната заштита. Со оглед на тоа дека Законот за пожарникарството, Законот за заштита и спасување и Законот за управување со кризи ги регулираат задачите, обврските и правата на субјектите во системот на заштитата и спасувањето. Во прва фаза општина Градско отпочнува со опремување на просторните сили за заштита и спасување - одделение за противпожарна заштита.